Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
Бр. 18 - 24/2
10 -02- 2026 20 год.

Врз основа на член 37 став (9) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) Факултетското студенско собрание на Архитектонски факултет - Скопје, по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Архитектонски факултет – Скопје за измени и дополнувања, бр. 08-6/99 од 11.6.2025 година донесе пречистен текст на

# СТАТУТ
# на Факултетското студентско собрание Архитектонски факултет- Скопје

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: составот, надлежноста, начинот на работа, називот и седиштето, органите и телата, начинот на предлагање и избор на претставници на студентите во Факултетското студентско собрание на Архитектонски факултет - Скопје (во понатамошниот текст: Факултетско студентско собрание), како и нивниот бројот од секоја студиска година од секој пооделен циклус на студии, начинот на избор и разрешување на преставниците на студентите во органите и телата на Архитектонски факултет-Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), начин на избор на претставници во Универзитетското студентско собрание, начин на избор и разрешување на заменик студентски правобранител, финансирањето како и други прашања што се од значење за работата на Факултетското студентско собрание.

### Избирачко право

**Член 2**

Право да избира и да биде избран за претседател или член на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година во соодветниот семестар во кој се спроведуваат изборите.

### Мандат

**Член 3**

Мандатот на претседателот и на членовите на Факултетското студентско собрание е една година со право на уште еден избор.

Мандатот на Факултетското студентско собрание започнува на денот на Конститутивната седниц и трае до денот на конституирање на наредниот состав на Факултетското студентско собрание.

## Права и обврски на избраните претставници

**Член 4**

Избраните членови на студентите во Факултетското студентско собрание имаат право и обврска до учествуваат во неговата работа, да ги застапуваат интересите на студентите, да избираат претставници во универзитетското студентско собрание, во органите и телата на Факултетот да се самоорганизираат.

## Статус на Факултетското студентско собрание

**Член 5**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници на студентите и нема својство на правно лице.

## Застапување и претставување

**Член 6**

Факултетското студентско собрание го претставува и застапува Претседателот.

Претседателот на Факултетското студентско собрание го претставува и застапува Факултетското студентско собрание, ги извршува одлуките донесени од Факултетското студентско собрание, одговорен е за работата на Факултетското студентско собрание и ги застапува студентите на Факултетот.

## Назив и седиште

**Член 7**

Полниот назив на Факултетското студентско собрание е:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, Факултетско студентско собрание.

Скратениот назив е: ФСС - АФС

Седиштето на Факултетското студентско собрание е на Факултетот, ул. „Партизански одреди“ бр. 24, 1000 Скопје.

## Печат

**Член 8**

Факултетското студентско собрание има свој печат со тркалезна форма на кој во три концентрични кругови е напишано и тоа во надворешниот круг: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во средниот круг: Архитектонски факултет Скопје и во внатршниот круг: Факултетско студентско собрание. Во средината се наоѓа кратенката ФСС - АФС.

**Штембил**

**Член 9**

Штембилот на Факултетското студентско собрание е правоаголен со димензии 5,5 см со 3,5 см и ги содржи зборовите напишани на кирилица:

Архитектонски факултет

Факултетско студентско собрание

Број ___________

________________20 година

Штембилот се употребува за архивско работење.

Архивското работење и употребата на штембилот на Факултетското студентско собрание се спроведува преку архивата на Факултетот.

**Јавност во работата**

**Член 10**

Работата на Факултетското студентско собрание е јавна.

Седниците на Факултетското студентско собрание се јавни и отворени за сите студенти. По исклучок, Факултетското студентско собрание со мнозинство гласови од вкупниот број на членови може да ја исклучи јавноста.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на студентите запишани на Факултетот за сите облици на работење на членовите на Факултетското студентско собрание, со поднесување годишен извештај за својата работа до Наставно-научниот совет, за работата на преставниците на студентите во органите и телата на Факултетот, во Универзитетското студентско собрание, како и за материјалното финансиско работење.

Факултетското студентско собрание поднесува годишен извештај за својата работа до Наставно-научниот совет, и истиот го објавува на веб страната на Факултетот.

За информирањето на членовите и пошироката јавност може да се користи Студентско радио, веб страницата, студентски весник, како и други средства за информирање.

## II НАДЛЕЖНОСТ

**Член 11**

Факултетското студентско собрание:

- донесува статут и негови измени и дополнувања по претходна согласност од Наставно-научниот совет на Факултетот,
- избира и разрешува преставници на студентите во органите и телата на Факултетот,
- именува двајца преставници од своите редови за членови во Универзитетското студентско собрание
- избира членови во Комисијата за спроведување на изборите за Факултетско студентско собрание, и за други избори согласно овој Статут,

- усвојува план за работа на Факултетското студентско собрание за период од една година,
- распишува конкурс за заменик студентски правобранител и го избира,
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Факултетското студентско собрание и го доставува до Наставно научниот совет на Факултетот,
- донесува финансиски план и програма,
- одлучува за зачленување во регионални и меѓународни студентски организации,
- формираа комисии,
- донесува Деловник за работа на ФСС,
- врши и други работи утврдени со овој Статут, Статутот на Универзитетското студентско собрание, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), како и законите.

## III НАЧИН НА РАБОТА

**Член 12**

Факултетско студентско собрание работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш месечно (освен во месеците јули и август) или најмалку десет пати годишно.

Претседателот на Факултетското студентско собрание е должен да свика вонредна седница по иницијатива на најмалку ⅓ од вкупниот број на членови на Факултетското студентско собрание.

Одлуките и записниците од седниците ги потпишува претседателот.

**Член 13**

Факултетско студентско собрание работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките се донесуваат со ⅔ мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 14**

Начинот на работа и одлучувањето на Факултетското студентско собрание поблиску се уредува со Деловник за работа на ФСС.

## IV СОСТАВ И ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИ

### Број на членови

**Член 15**

Факултетското студентско собрание може да брои најмногу 25 членови.

### Состав

**Член 16**

Факултетско студентско собрание го сочинуваат преставници на студентите избирани по студиски години и тоа најмногу до:

- 5 претставници од прва година, прв циклус;
- 5 претставници од втора година, прв циклус;
- 5 претставници од трета година, прв циклус;
- 5 претставници од прва година, втор циклус/четврта година, петгодишни интегрирани студии;
- 5 претставници од втора година, втор циклус/петта година петгодишни интегрирани студии;

## Распишување избори

**Член 17**

Изборите за членови во Факултетско студентско собрание ги распишува деканот на Факултетот 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку изборите не бидат распишани во рокот од став 1 на овој член, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот.

## Одржување на изборите

**Член 18**

Изборите се одржуваат во работни денови кога има настава.

## Предлагање кандидати

**Член 19**

Пријавата за кандидат за претставник во ФСС се поднесува од страна на студент запишан во соодветната студиска година, при што се наведува името и презимето и бројот на индекс на кандидатот.

**Член 20**

Изборите за претседател и претставници на ФСС ги организира и спроведува Изборна комисија.

Конечната листа на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание се објавува јавно на интернет страната на Факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

## Избор на членови

**Член 21**

Изборот на членови во Факултетското студентско собрание се врши со тајно гласање.

За секоја студиска студиска година се изготвува посебно гласачко ливче кое може да биде во физичка или електронска форма.

За избрани членови во Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Постапката за избор на претседател и членови во ФСС се утврдува со одредбите од Упатството за спроведување избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Архитектонски факултет – Скопје при Универзитет "Св. Кирил и Методиј" кое го донесува Изборната комисија од член 22.

## Изборна комисија

### Член 22

Утврдување на валидноста на кандидатите за членови во Факултетското студентско собрание од член 19 од овој Статут, како и изборите за членови во Факултетското студентско собрание од членот 21 од овој Статут ги спроведува Изборна комисија составена од тројца студенти и двајца преставници од наставен кадар на Факултетот, односно соработници.

Претставниците од наставниот кадар ги определува деканот.

Студентската служба на Факултетот доставува список на студентите кои имаат право да гласаат и да бидат избирани.

Списокот се објавува на интернет страната на Факултетот најдоцна 10 дена пред одржување на изборите.

Студентите имаат рок од 5 работни денови, од јавното објавување на избирачкиот список, за увид во истиот.

Студентите можат да поднесат барање за измени и дополнување на избирачкиот список, најдоцна 5 работни денови од јавното објавување на избирачкиот список.

### Член 23

Изборната комисија ги спроведува изборите и ги утврдува резултатите од гласањето.

Комисијата од став 1 на овој член донесува одлука со која констатира кои претставници на студентите се избрани за членови на Факултетското студентско собрание.

Одлуката на Изборната комисија е конечна.

Одредбите од ставовите 1 и 2 од овој член соодветно се применуваат и за предлагањето кандидати за преставници на студентите во Факултетското студентско собрание од членот 19 од овој Статут.

Членовите на изборната комисија не можат да бидат во исто време и кандидати на избори за претседател и членови на ФСС.

Изборната комисија работи и одлучува доколку се присутни најмалку три члена, од кои најмалку двајца студенти и еден наставник.

Изборната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, при што за одлуката мора да гласаат најмалку еден наставник и најмалку двајца студенти.

**Надлежност на Изборната комисија**

**Член 24**

Во надлежност на Изборната комисија е да:

- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови во Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл.
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- ја спроведува изборната постапка/и;
- врши други работи утврдени со овој Статут.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството од ставот 3 на овој член се објавува на веб-страницата на Факултетот.

**Конститутивна седница**

**Член 25**

По завршување на изборот на преставниците на студентите, Факултеското студентско собрание одржува конститутивна седница во рок од 15 дена од денот на завршените избори.

Конститутивната седница ја свикува деканот.

Конститутивната седница ја отвора деканот, по што претседава новоизбраниот претседател.

**Престанок на мандат**

**Член 26**

На член на Факултеското студентско собрание му престанува мандатот ако:

- дипломира/магистрира
- му престане статусот на студент согласно закон или актите на Универзитетот или Факултетот,
- поднесе оставка,
- за сторена дисциплинска повреда му е изречена дисциплинска мерка исклучување,

- му истече мандатот.

На членот на кој му престанал мандатот не се смета во кворум за работа и одлучување на Факултетското студентско собрание.

## V ПРЕТСЕДАТЕЛ

### Избор

**Член 27**

Со Факултетското студентско собрание претседава претседател кој се избира на непосредни, фер и демократски избори, со тајно гласање.

**Член 28**

Изборот на Претседателот на Факултетското студентско собрание е во термин кога се избираат и преставниците на студентите во Факултетското студентско собрание.

За претседател на ФСС може да биде избран редовен студент на Факултетот кој има запишано студиска година и ги има положено сите испити заклучно со 2 семестар.

За претседател на Факултетското студентско собрание е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 28-а**

Претседателот на Факултетското студентско собрание има свој заменик.

Факултетското студентско собрание со јавно гласање, по предлог на претседателот или членовите на Факултетското студентско собрание избира заменик-претседател.

**Член 28-б**

За заменик-претседател на Факултетското студентско собрание треба да биде предложен и избран член од Факултетското студентско собрание, со положени испити заклучно 2 семестар.

**Член 28-в**

Факултетското студентско собрание може да има и свој секретар.

Секретарот е предложен и избран од страна на претседателот.

Секретарот ги врши административните работи на Факултетското студентско собрание.

**Член 29**

Кандидат за претседател на Факултетското студентско собрание може да биде секој редовен запишан студент во учебната година во која се спроведуваат изборите, кој ги има положено сите испити заклучно 2 семестар.

Кандидатот потребно е да достави пријава, при што го наведува своето име, презиме и бројот на индекс.

**Член 30**

Одредбите од членовите 22 - 24 од овој Статут соодветно се применуваат и за избор на претседател.

**Надлежност**

**Член 31**

Претседателот на Факултетското студентско собрание:

- го свикува Факултетското студентско собрание и заседава со седниците,
- ги потпишува актите што ги донесува Факултетското студентско собрание;
- ги извршува одлуките и заклучоците на Факултетското студентско собрание,
- ги застапува студентите и Факултетското студентско собрание

и е одговорен за неговата работа,

- е член на Деканатската управа на Факултетот,
- врши и други работи од својата надлежност согласно овој Статут, Статутот на Универзитетското студентско собрание, другите акти на Факултетското студентско собрание и актите на Факултетот.

По овластување на претседателот на ФСС, како и во случаи на спреченост и отсуство на претседателот на ФСС, седницата ја свикува и со неа раководи заменик-претседателот на ФСС. За вршење на дел од своите права и обврски, претседателот на ФСС може да го овласти заменик-претседателот.

**Престанок на мандатот**

**Член 32**

На преседателот на Факултетското студентско собрание мандатот му престанува во случаите утврдени со член 26 од овој Статут.

Со иницијатива на 50 студенти по која одлучува Факултетското студентско собрание, при што мандатот може да биде одземен со двотретинско мнозинство од членовите на Факултетското студентско собрание.

Во случај на предвремен престанок на мандатот, Факултетското студентско собрание избира вршител на должноста претседател од редовите на Факултетското студенткско собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, а избори за нов претседател се спроведуваат кога се спроведуваат избори за нови членови на Факултетското студентско собрание.

**Член 32-а**

Во случај на предвремен престанок на мандатот на претседателот на ФСС, како и во случај кога на редовните избори за претседател и членови на ФСС не се избере претседател, ФСС на конститутивната седница која ја свикува Деканот на факултетот, избира в.д. претседател, по претходна добиена согласност од лицето кое се предлага за в.д. Претседател.

За в.д. претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство од вкупниот број претставници на студентите во ФСС.

Доколку лицето кое се предлага за в.д. претседател не добие поддршка од мнозинстово членови, тогаш на истата седница се повторува постапката за избор на в.д. претседател се до неговиот избор.

Мандатот на в.д. претседателот на ФСС трае до завршување на постапката за избор на претседател на ФСС, а најмногу шест месеци од денот на изборот на в.д. претседател.

**Член 32-б**

В.д. претседателот ги ужива сите надлежности што ги има претседателот.

**Член 32-в**

Во случај да не се избере претседател на ФСС и по истекот на мандатот на в.д. претседателот на ФСС, Деканот на факултетот свикува седница на ФСС на која повторно се избира в.д. претседател на ФСС. Изборот на в.д. претседателот се врши во согласност со одредбите од членот 28 од овој Статут.

Мандатот на времениот вршител на должност изнесува до шест месеци.

Избори на претседател на ФСС може да се организираат најмногу два пати во текот на една календарска година.

## VI ИЗБОР НА ПРЕСТАВНИЦИ НА СТУДЕНТИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ И ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

### Избор

**Член 33**

Факултетското студентско собрание, од редовите на избраните членови на ФСС избира членови во Универзитетското Студентско Собрание, членови во Наставно-научниот совет и во комисиите каде има член преставник од редовите на студентите, согласно Законот за Високо Образование, Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот (во натамошниот текст: органи и тела на Факултетот).

**Член 34**

Изборот за нови членови во органите и телата на Факултетот се спроведува најрано на конститутивната седница на Факултетското студентско собрание, и најдоцна 1 месец по нејзиното одржување.

Ако Факултетското студентско собрание не изврши избор во рокот од став 1 на овој член, деканот свикува седница на ФСС на која ќе се спроведе изборот.

Со седницата од став 2 на овој член претседава Деканот.

**Член 35**

Изборот на членови во Универзитетското Студентско собрание и органите и тела на Факултетот се врши со јавно гласање.

За избран се смета оној кандидат кој освоил мнозинство од гласовите на присутните на седницата.

Секој член на Факултетското студентско собрание има право да се предложи себеси за член во органите и телата на Факултетот.

За спроведување на изборите од член 34 потребно е присуство на 2/3 мнозинство на членовите на актуелното Факултетско студентско собрание.

**Член 36 (изменет)**

За избран се смета оној кандидат за кого гласале мнозинството од присутните членови на Факултетското студентско собрание.

Доколку прво предложените кандидати не го добијат потребното мнозинство, постапката се повторува со предлагање други кандидати.

Откако ќе се изберат потребен број на претставници во органите и телата на Факултетот, Факултетското студентско собрание донесува Одлука за избор на претставници во органите и телата на Факултетот.

Одлуката од ставот 4 од овој член е конечна.

**Член 37**

За извршениот избор од членот 36 од овој Статут претседателот доставува потпишана и заверена одлука за извршениот избор за секој орган или тело поединечно, при што се наведува името и презимето на избраните студенти и бројот на индекс.

**Права и должности на избраните членови**

**Член 38**

Преставниците на студентите - членови во Универзитетското Студентско Собрание и органите и телата на Факултетот имаат право и должност да ги застапуваат интересите на студентите, редовно да присуствуваат на седниците и активно да учествуваат во работата на Универзитетското Студентско Собрание и органите и телата на Факултетот.

Мандатот на членовите во Универзитетското Студентско Собрание и органите и телата на Факултетот е утврден со Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот, во согласност со Статутот на ФСС - АФС.

**Престанок на мандат**

**Член 39**

На претставник - член на студентите во Универзитетското Студентско Собрание и во органите и телата на Факултетот мандатот му престанува во случаите утврдени со член 26 од овој Статут.

Ако на претставник- член на студентите во Универзитетското Студентско Собрание и органите и телата на Факултетот предвреме му престане мандатот, Факултетското студентското собрание или претседателот, во рок од 7 дена го известува деканот на Факултетот за престанокот.

Факултетското студентското собрание во рок од најдоцна 14 дена од престанокот на статусот на претставник - член избран во Универзитетското Студентско Собрание и органите и телата на Факултетот избира нов преставник – член.

Во случај на предвремен престанок на статусот на претставник-член,Факултетското студентско собрание избира нов претставник - член со мандат додека трае мандатот на претставникот на кој му престанал статусот на претставник.

Изборот на нов претставник член се врши во согласност со одредбите од членовите 35-37 од овој Статут.

Ако Факултетското студентско собрание не изврши избор во рокот од став 3 на овој член, деканот во рок 7 дена од истекот на рокот закажува седница на Факултетското студентско собрание на која се врши изборот.

## VII ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 40

Работата на Факултетското студентското собрание се финансира од:

- средства на Факултетот,
- наменски средства добиени од Универзитетот,
- легати,
- подароци,
- завештанија,
- прилози и други извори.

### Член 41

Користењето и располагањето со средствата од член 40 се врши согласно со планот за активности на факултетот и можностите на Факултетот, согласно Годишната Програма за работа на Факултетското студентско собрание, со Закон и Статутот на Факултетот.

Факултетот има право да врши надзор над наменското трошење на средствата кои му ги доделува на факултетското студентско собрание.

Користењето и располагањето со наменските средства од алинеи 3,4 и 5 од член 40 се врши согласно Годишната Програма за работа на Факултетското студентско собрание, Годишниот Финанскиски план на Факултетското студентско собрание и согласно одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Факултетското студентско собрание одлучува за финансиските средства за секоја активност поодделно, земајќи ја предвид целисходноста на користењето на средствата и оправданоста на финансирањето на одредена активност.

Председателот на Факултетското студентско собрание доставува годишен извештај за трошењето на средствата и истиот се усвојува од страна на ФСС. Извештајот се доставува до ННС во рок од еден месец од истекот на годината.

Годишниот извештај се донесува по јавно гласање во Студентското собрание, со мнозинство гласови од присутните членови за негово донесување.

За потребите на Факултетското студентско собрание, Факултетот на постоечката сметка сопствени приходи 788, ќе отвори посебна финансиска картичка „ФСС" каде ќе се евидентираат сите приходи и расходи на Факултетското студентско собрание.

## VIII ЗАМЕНИК НА СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

### Избор

**Член 42**

Факултетското студентско собрание избира заменик на студентски правобранител од редот на студентите од Факултетот со мандат од две години без можност за реизбор.

Изборот се врши со тајно гласање, врз основа на објавен конкурс, а за избран ќе се смета кандидатот кој добил мнозинство од вкупниот број на присутни членови.

Конкурсот од ставот 2 на овој член го утврдува и го објавува Факултетското студентско собрание.

Конкурсот од ставот 2 на овој член се објавува на: веб страницата на Факултетот, на огласната студентска табла и на веб страницата на Факултетското студентско собрание.

За заменик-студентски правобранител може да биде избран само редовен студент на Факултетот.

**Член 43**

Одредбите од Правилникот за условите за избор, постапка за избор и разрешување, надлежност, работата на студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје важат и за заменик студентскиот правобранител на Факултетот.

**Член 44**

Заменик студентскиот правобранител за својата работа поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител, Наставно-научниот совет на Факултетот.

### Престанок на мандат

**Член 45**

На заменик-студентскиот правобранител му престанува мандатот ако:

- дипломира/магистрира
- му престане статусот на студент согласно закон или актите на Универзитетот или Факултетот,
- поднесе оставка,
- за сторена дисциплинска повреда му е изречена дисциплинска мерка исклучување,
- му истече мандатот.
- е разрешен согласно член 45 од овој Статут.